Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скоп
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shku

Примено / Pranuar 06-08-2020

| Орг. единица / Njësi org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 3956 | | |

( Образец ПП……)

**До:** **Јавно претпријатие КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - Скопје**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] е маил: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Odлука за утврдување на критериуми за решавање на барања на корисници на услуги на ЈП Комунална хигиена – Скопје бр.02-1365 од ден 12.03.2019 година.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 06.08.2020 година .** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup

Број/numër 03 - 3956/2

Дата/data 07 -08- 2020

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл. весник на РСМ" бр.101/19 ), службеното лице за посредување со информации од јавен карактер во ЈП Комунална хигиена –Скопје на ден 07.08.2020год., донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за доставување на информација од јавен карактер

**Член 1**

Со ова решение [redacted] адреса на живеење на ул. [redacted] се овозможува слободен пристап до информацијата од јавен карактер, т.е му се доставува *Одлука за утврдување на критериуми за решавање на барање на корисници на услуги на ЈП Комунална хигиена –Скопје.* Информацијата е предмет на Барање за пристап до информација од јавен карактер доставено по e-mail ( m.ancevski@yahoo.com), на 06.08.2020г.,заведено под број 03-3956 од 06.08.2020г.

**Член 2**

Бараната информација од јавен карактер ќе биде доставена на начин одреден во барањето за пристап до информации од јавен карактер, по е- меил.

**Член3**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – СКОПЈЕ
Службено лице за посредување со
информации од јавен кара
Билјана Петковска

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika Maqedonise
Број / numer 02-1365
Дата / data 12-03-2019

Врз основа на член 24 од Статутот на ЈП „Комунална хигиена" – Скопје, Управниот одбор на ЈП „Комунална хигиена" – Скопје на својата 20-та седница одржана на ден 12.03.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за утврдување на критериуми за решавање на барање на корисници на услуги на ЈП „Комунална хигиена" – Скопје**

**член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат Критериуми за решавање на барања на корисници на услуги на ЈП „Комунална хигиена" – Скопје.

**член 2**

Ослободување од плаќање на надоместокот за смет во висина од 100% за време од 1 (една) година, можат да остварат следните корисници на услуги :

- Приматели на постојана парична помош;
- Приматели на социјална помош;
- Станбен простор неоспособен за живеење (карабина и руиниран станбен простор);
- Срушен (целосно или делумно) станбен простор;
- Срушен (целосно или делумно) деловен простор;
- Деловен простор кој не е во функција.

**член 3**

Делумно ослободување од плаќање на надоместокот за смет во висина од 50% за време од 1 (една) година, можат да остварат следните корисници на услуги:

- Кои не живеат во станбениот простор во ГУП;
- Кои не живеат во станбениот простор во руралните средини;
- Обновување на барањето за ослободување од плаќање на надоместокот за смет во висина од 50% се врши со поднесување на ново барање со прилог доказ за платен надоместок за периодот предмет на предходно барање.

**член 4**

Можност за склучување на договор за исплата на долгот кон ЈП Комунална хигиена – Скопје на рати, имаат сите корисници (физички и правни лица), на следниот начин:

- Договори за износ до 30.000,00 ден. Изготвени на најмногу 12 месечни рати со заверка во ЈП „Комунална хигиена" – Скопје;
- Договори чиј износ е поголем од 30.000,00 ден.,изготвени на најмногу 24 месечни рати се солемизираат кај надлежен нотар;
- Заверка на договор чиј износ е поголем од 30.000,00 ден. на барање на странка може да се врши во ЈП „Комунална хигиена" – Скопје доколку истиот биде изготвен на 3 (три) месечни рати;
- Критериум при одредување на бројот на рати е износот на месечната рата кој не треба да биде помал од 1.000,00 денари или помал од износот на месечната сметка;
- Исклучок од превидениот критериум за износот на месечна рата се физичките лица приматели на социјална помош, кој можат да склучат договор со износ на месечна рата помала од 1.000,00 ден.

**член 5**

Поднесените барања по основ на : невршење на услуга, започнување или престанок на фактурирање, корекција или поделба на квадратура, добивање на дупла сметка, промена на адреса (објект или доставна адреса), промена на назив на сопственик, односно корисник, отпис на камата, сторнирање на долг и друго, се решаваат во одделенијата во чија надлежност е предметното барање по утврдување на фактичката состојба и тоа:

- Со доказите на странката поднесени во прилог на барањето и
- Со константирана состојба на Записник за увид на лице место.

**член 6**

Се задолжува директорот на Претпријатието со посебен акт да ги утврди овластените лица кои се одлучуваат по поднесените барања на корсниците на услуги, како и да ги утврди постапките, документацијата која треба да се достави како доказ дека корсиникот на услугите ги исполнува условите предвидени во критериумите, како и роковите во согласноста со Законот за општата управна постапка во кој истите ќе бидат постапени.

**член 7**

По приговор на Решенијата донесени од страна на овластените лица во втор степен одлучува Управниот одбор на Претпријатието.

**член 8**

По влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на критериуми за решавање на барања на корисници на услуги на ЈП Комунална хигиена – Скопје Бр.02-570 од 20.02.2018 година.

член 9

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Заради обезбедување на начелата на економичност и ефикасност, обезбедување на еднаквост, непристрасност и објективна примена на законите и другите прописи во решавањето на правата, обврските и правните интереси на странките, како и заради потребата за поголема сервисна ориентираност на Претпријатието кон корисниците на услугите и целосна транспаретност при решавање на нивните барања(писмени барања, молби,приговори и сл) на корсиници на услуги.

**ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**
**Претседател на Управен одбор,**

Скопје 12.03.2019 год

**Маја Андова**

Јавно претпријатие Комунална хигиена * СКОПЈЕ SHKUP 1 * Ndërmarrja publike Higjiena komunale